## In Memoriam

Вера Весковиќ-Вангели 1933-2007
историографка

Вера Весковиќ-Вангели беше една од ретките историографки и реномирани научни работници во Република Македонија која поголем дел од својот работен век го посвети на проучувањето и афирмирањето на улогата на жената во важните историски настани и во историјата воопшто. Со нејзината смрт на 14 март оваа година македонската наука изгуби еминентна хуманистка поради чија активност се наметна потребата термините „историчар" и „историограф" да почнат да се употребуваат и како зборови во женски род.

Во текот на својата научна кариера Весковиќ – Вангели посвети повеќе свои научни трудови и книги на третирањето на жените како рамноправни учесници и агенси на историјата. Насловите како *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во Народноослободителната војна и револуција на Македонија* (со Марија Јовановиќ), Скопје, 1976 или *Жената во ослободителните борби на Македонија (1893-1945),* Скопје 1990, зборуваат за едно посветено творештво, за континуираното собирање на историската документација како и за прецизното обработување на историските факти. Овие нејзини книги претставуваат важен извор за какви било понатамошни истражувања и интерпретации на улогата на жената во периодот од крајот на деветнаесеттиот и дваесеттиот век.

## In Memoriam

Vera Veskovic-Vangeli 1933-2007
historiographer

Vera Veskovic-Vangeli was one of the few historiographers and renowned scholars in the Republic of Macedonia that dedicated that greater part of her working era to researching and affirming of the role of women in significant historical events and in history in general. With her death on the 14th of March of this year, Macedonian academy lost an eminent humanitarian due to whose activity the need for the terms "historian" and "historiographer" to be used in feminine gender as well imposed itself.

In the course of her scholarly career Veskovic - Vangeli dedicated a considerable number of her scholarly works and books to treating women as equal participants in and as agencies of history. The titles such as *Collection of Documents on the Participation of Women in Macedonia in the National Liberation War and Revolution in Macedonia* (with Marija Jovanovic), Skopje, 1976 or *The Woman in the Liberation Battles in Macedonia (1893 – 1945)*, Skopje 1990, speak of dedicated work, continuous collection of historical documentation, as well as of accurate processing of historical facts. These books of the author are an important source for any other further research and interpretations of women's role in the period from the end of the 19th and the 20th century.

Вера Весковиќ–Вангели родена е на 1 декември 1933 година во Велес, каде што завршила основно и средно образование. Во 1957 година дипломирала на Философскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторирала на Хумболтовиот Универзитет во Берлин, Германија во 1974 година. Од 1960 година започнала да работи во Институтот за национална историја, а во периодот од 1994 до 1996 година била и проректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во Институтот за национална историја раководела со одделението за најнова историја, била претседател на научниот совет на Институтот, организаторка на научни собири од локален и меѓународен карактер, учесничка на бројни конференции во земјата и странство, членка на совети и учесничка во меѓународни проекти. Била уредничка и членка на редакцијата на списанието „Гласник“ и списанието „Историја“ каде што постојано објавувала текстови за различни историски настани и на релевантни историографски теми како што се конструирањето на националниот идентитет, развојот на социјалистичките движења, самоопределувањето, холокаустот, итн.

Сузана Милевска

Vera Veskovic–Vangeli was born on the 1st of December 1933 in Veles where she finished her primary and secondary education. In 1957 she graduated at the Faculty of Philosophy at the “St. Cyril and Metodius” University in Skopje. She received her PhD at the Humboldt-University in Berlin, Germany in 1974. In 1960 she started working at the Institute of National History, and in the period from 1994 to 1996 she was the vice chancellor of the “St. Cyril and Metodius” University in Skopje. At the Institute of National History she managed the Department of Recent History, she was president of the scholarly council of the Institute, organiser of scholarly symposia of local and international character, participant in numerous conferences in the country and abroad, member of councils and participant in international projects. She was the editor and a memeber of the editorial board of the periodical *Glasnik* and the periodical *History* where she regularly published articles on various historical events and relevant historiography issues, such as the constitution of national identity, the development of socialist movements, self-determination, the holocaust, etc.

Suzana Milevska
(Translated from Macedonian by Rodna Ruskovska)